**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**ЦПС-ОГР – Сектор за управно надзорни работи**
**Бро 19.11.1-59290/3**
**20.09.2010 година**
**С К О П Ј Е**

АМСМ услуги
ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА
Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила
ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Бр. 03-610 / 22.09 2010 год.

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија врз основа на член 205 од Законот за општата управна постапка („Сл.Весник на РМ" бр.38/05), член 323 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ" бр.54/2007) и член 82 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ" бр,64/2009), а во врска со барањето на правно лице **Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОВЛАСТУВА** правното лице **Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ услуги – Центар за воила ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** да врши испитување на возила со кои се врши превоз на опасни материи.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице **Друштво за услуги за инспекција и исппитување на возила АМСМ услуги – Центар за возила ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** поднесе барање за издавање овластување за вршење испитување на возила со кои се врши превоз на опасни материи (бр.03-496 од 11.08.2010 година).

Министерството за внатрешни работи на Република македонија, врз основа на службената евиденција како и врз основа на позитивно мислење бр.18.2-981/3 од 02.09.2010 утврди дека се исполнети условите за вршење на испитување на возила со кои се врши превоз на оапсани материи, согласно член 323 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ" бр.54/2007) и член 82 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ" бр,64/2009).

Овластеното правно лице е должно да обезбеди испитувањето да се врши на пропишан начин и уредно да води евиденција,.

Поради изнесеното се реши како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение дозволена е жалба согласно Законот за општа управна постапка, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение преку Министерството за внатрешни работи до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на внатрешни работи, судството, државната управа, локалната самоуправа и работите од верски карактер при Владата на Република Македонија.

**Жалбата се таксира со 250 денари таксени марки согласно Законот за административни такси, а се поднесува непосредно или преку пошта.**

**Изготвил: Љубомир Тодоровски**
**Одобрил: Миле Ангеловски**

**НАЧАЛНИК**
**Елизабета Поповска-Томова**